Врз основа на член 63 од Статутот на **АДИНГ АД Скопје,** Собранието на друштвото на седницата одржана на ден 15.06.2016 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува и усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во 2015 год.

2. Годишната сметка и годишниот извештај за работата на друштвото во 2015 год. да се доставаат до надлежните органи и објаваат согласно законските прописи.

***Број: 02 - 3371/1***
***15.06.2016 год.***
***Скопје***

*Претседавач на Собрание*

/Атанасовски Љупчо/

Врз основа на член 63 од Статутот на **АДИНГ АД Скопје,** Собранието на друштвото на седницата одржана на ден 15.06.2016 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува и усвојува ревидираната консолидирана годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2015 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва: Бизнис Центар Адинг ДООЕЛ Скопје, ИНВЕСТ А ДООЕЛ Скопје, БИРО ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје, АДИНГ Бугарија ЕООД Софија и АДИНГ д.о.о.Београд.

2. Годишната сметка да се достави до надлежните органи и да се објави согласно законските прописи.

***Број: 02 - 3371/2***
***15.06.2016 год.***
***Скопје***

***Претседавач на Собрание***

/Атанасовски Љупчо/

Врз основа на член 63 од Статутот на **АДИНГ АД Скопје,** Собранието на друштвото на седницата одржана на ден 15.06.2016 ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Нето добивката према годишната сметка за 2015 година се распределува на следниот начин:
   - 20 денари по акција за нето дивиденди на акционерите
   - за награди на членовите на управен одбор согласно чл.365 од Законот за трговските друштва, чл.36 од Статутот и договорите склучени со членовите на Управен одбор
   - остатокот за плаќање на персонален данок на дивидендите и нераспределена добивка.

3. Се утврдува дивидендниот календар за распределба на добивката за 2015 година како следи:
   2.1. Датум на известување за свикување на собрание на акционери:
   13.05.2016 год.
   2.2. Датум на одржување на собранието на акционери:
   15.06.2016 год.
   2.3. Последен ден на тргување на МБДХВ[1] со право на дивиденда за 2015 год.:
   27.06.2016 год.
   2.4. Прв ден на тргување на МБДХВ без право на дивиденда за 2015 год.:
   28.06.2016 год.
   2.5. Датум на пресек на книга на акции:
   30.06.2016 год.
   2.6. Исплата на дивиденда за 2015 год.:
   во законски рок

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето. Одлуката да се достави до финансова служба да ја спроведе истата.

***Број: 02 - 3371/3***
***15.06.2016 год.***
***Скопје***

***Претседавач на Собрание***

/Атанасовски Љупчо/

[1] Македонска берза за долгорочни хартии од вредност

Врз основа на член 63 од Статутот на **АДИНГ АД Скопје,** Собранието на друштвото на седницата одржана на ден 15.06.2016 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува работата и водењето на работењето со друштвото во 2015 година, на членовите на Надзорниот одбор:
   - Мојсовски Благоја - претседател
   - Белев Александар – заменик претседател
   - Петровска Александра
   - Ќупев Иванка

2. Се одобрува работата и водењето на работењето со друштвото во 2015 година, на членовите на Управниот одбор:
   - Дончев Благоја - претседател
   - Филипоски Петре - заменик претседател
   - Петровски Зоран
   - Каратуков Дончо
   - Дончева Рајатоска Вања

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

***Број: 02 – 3371/4***
***15.06.2016 год.***
***Скопје***

*Претседавач на Собрание*

/Атанасовски Љупчо/

Врз основа на член 63 од Статутот на **АДИНГ АД Скопје,** Собранието на друштвото на седницата одржана на ден 15.06.2016 ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се определува наградата на членовите на Надзорниот одбор на АДИНГ АД Скопје во вид на месечен паушал во висина од
   - 15.000,00 денари за претседателот на Надзорен одбор
   - 12.000,00 денари за другите членови на Надзорен одбор

2. Наградата од точка 1 на оваа одлука им припаѓа на членовите на Надзорниот одбор почнувајќи од 01.05.2016 година.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

***Број: 02 - 3371/5***
***15.06.2016 год.***
***Скопје***

***Претседавач на Собрание***

/Атанасовски Љупчо/

Врз основа на член 63 од Статутот на **АДИНГ АД Скопје,** Собранието на друштвото на седницата одржана на ден 15.06.2016 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Се одобрува откуп на сопствени обични акции со право на глас, најмногу во висина од 1/10 од основната главнина.

**Член 2**

Откупот на сопствени акции ќе се врши на Македонската берза, преку овластена брокерска куќа.

Откупот, заедно со постоечките сопствени акции, не смее да надмине количина од 38.640 акции што претставува 10% од основната главнина на друштвото.

Рокот на откупот не може да биде подолг од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.

**Член 3**

Откупот на сопствени акции ќе се изврши од средства од имотот на друштвото кој го надминува износот на основната главнина и резервниот Фонд на друштвото.

**Член 4**

Цената на акциите по кои ќе се откупат може да се движи до 10% пониско или повисоко од последната просечна дневна цена на акциите пред денот на откупот.

Со одлука на Управниот одбор, по претходна согласност на Надзорниот одбор, акциите може да се откупат по цена надвор од рамките утврдени во став 1 од овој член, доколку откупот е неопходен да се спречи сериозна штета што би ја претрпело друштвото како последица на поголеми поместувања на пазарот.

Акциите можат да се откупуваат со поединечни берзански трансакции или како блок трансакции.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзино донесување.

***Број: 02-3371/6***
***15.06.2016 год.***
***Скопје***

***Претседавач на Собрание***

/Атанасовски Љупчо/

Врз основа на член 63 од Статутот на **АДИНГ АД Скопје,** Собранието на друштвото на седницата одржана на ден 15.06.2016 ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува отуѓување на сопствените акции на АДИНГ АД Скопје, стекнати до одржување на Годишното собрание на Друштвото на 15.06.2016 година, како и акциите кои ќе бидат купени во согласност со Одлуката за откуп на сопствени обични акции со право на глас донесена од Собранието на Друштвото од 15.06.2016 година.

2. Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на компанијата и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на АДИНГ АД Скопје е 9.98 EUR.

3.Правата кои произлегуваат од сопственоста на овие акции се:

- право на глас во Собранието на Друштвото,
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

Акциите гласат на име. Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Во согласност со законските прописи и Статутот на Друштвото дивидендата се исплатува врз основа на одлука на Собранието на Друштвото, со која се регулира начинот на исплата и висината на дивидендата.

4. Купувачите на сопствени акции на АДИНГ АД Скопје ги стекнуваат сите права од акциите, во согласност со Статутот на Друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност.

5. Постапката за отуѓување на сопствените акции ќе се спроведе во согласност со одредбите од Законот за хартии од вредност.

6. Собранието на Друштвото го овластува Управниот одбор на АДИНГ АД Скопје, поблиску да го определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци во согласност со Законот за хартии од вредност, и да врши измени и дополнувања на оваа одлука.

7. АДИНГ АД Скопје по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.

8.Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

*Број: 02 -3371/7*
*15.06.2016 год.*
*Скопје*

*Претседавач на Собрание*

/Атанасовски Љупчо/

Врз основа на член 63 од Статутот на **АДИНГ АД Скопје,** Собранието на друштвото на седницата одржана на ден 15.06.2016 ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. За ревизор на годишната сметка на АДИНГ АД СКОПЈЕ за 2016 год. се избира независната ревизорска куќа GRANT THORNTON .

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесување. Примерок да се достави до финансово и архива.

***Број: 02 - 3371/8***
***15.06.2016 год.***
***Скопје***

***Претседавач на Собрание***

/Атанасовски Љупчо/